**ЗАПИСНИК**
**од 5 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 31.07.2014 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, д-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата присуствуваше д-р Зоран Трајчевски, в.д. Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Андриана Скерлев - Чакар, м-р Драгица Љубевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни:** Иван Стефановски од ЦРМ.

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Претседателот на Советот на Агенцијата, Лазо Петрушевски, на почетокот на седницата упати честитки по повод верскиот празник Рамазан Бајрам до членовите на Советот на Агенцијата, м-р Алма Машовиќ, д-р Милаим Фетаи и Селвер Ајдини.

Предлози за измена и дополнување на предложениот дневен ред не беа понудени.

Советот на Агенцијата, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.07.2014 година.
2. Предлог за запирање на постапката за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје.
3. Информација во врска со распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма според уделите во вкупната гледаност во 2013 година.
4. Предлог за склучување Договор за закуп на деловен простор со Друштвото за трговија и услуги Агромеханика АД увоз-извоз Скопје.
5. Предлог за склучување Анекс кон Договорот за послуга со Национална установа Кинотека на Република Македонија.
6. Предлог за давање одобрение за донесување на Одлука за отпис на долгот на Трговското радиодифузно друштво „ПЕРСПЕКТИВА ТВ“ ДООЕЛ Скопје, од

сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со предлог-одлука.

7. Предлог за давање одобрение за донесување на Одлука за отпис на долгот на Трговското радиодифузно друштво „МОНАКО – РАДИО СИТИ ФМ“ ДООЕЛ Куманово, од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со предлог-одлука.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за предметот на набавка: Истражувања на родовите прашања во програмите на радиодифузерите, со предлог-Одлука за потреба од јавна набавка.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за предметот на набавка – Услуга за фиксна телефонија, со предлог-Одлука за потреба од јавна набавка.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.07.2014 година.

Заменикот на претседателот на Агенцијата, д-р Милаим Фетаи, во однос на концептот на предложениот Записник и во поглед на содржината на претходно усвоените 3 записници, рече дека е потребно тие посоодветно да изгледаат во поглед на дискусиите што се водат на седниците. Вака како што досега беа предложени, без податоци за дискусиите што се водат, рече, оставаат една безбојна слика за работата на Советот. Забелешка имаше и во поглед на тоа дека е потребно во записниците кратко да се објасни дека в.д. Директорот го објаснил предлогот, бидејќи тој е само присутен а членовите на Советот на Агенцијата се тие кои заседаваат, бидејќи како што рече, не треба многу да се дава значење на вршителот на должноста Директор, затоа што тој материјалите што ги добива од стручните служби ги образложува, а материјалите членовите на Советот веќе ги имаат претходно добиено за седницата. Исто така забележа дека на почетокот пред неговото име не треба да стои секогаш целиот назив „ Заменик на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, затоа што тоа еднаш е веќе наведено. Предложи во содржината на записниците да има по неколку реченици за дискусијата што се водела, за да приближно јавноста има јасна слика што суштински се дискутира во однос на предложените точки.

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, рече дека процедурата во текот на водењето на седницата е установена со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и тој работи согласно Закон. Во Законот е наведено дека Директорот ги предлага точките и ги објаснува во име на Стручната служба, а по потреба, рече, се повикуваат и други вработени за да се пообјасни точката. Што се однесува за забелешката дадена од д-р Милаим Фетаи за деталноста на Записниците, рече дека постои ЦД со видео и аудио запис каде секој може да види и слушне што точно е кажано. Записниците од седниците со новиот состав на членови на Советот, рече, дека не се толку описни како што беа претходно и се согласи истите да бидат малку побогати во содржината, иако рече, финиот баланс е тешко да се постигне.

Членот на Советот на Агенцијата, Зоран Фиданоски, рече дека се согласува записниците да бидат поконцизни и попрецизни во објаснувањето на расправата по одредени точки. Досега рече, дека биле одржани 4 седници, од тие 4 седници имало отприлика 40-45 точки за расправа и од нив можеби за 5 точки членовите на Советот на Агенцијата имале поголема дебата, а останатите генерално поминувале без дебата. Во

таа насока предложи онаму каде што има дебата да биде поконцизно и попрецизно наведено секој од нив што кажал. Се согласува со д-р Милаим Фетаи дека не треба само да се набројат кои членови учествувале во дискусијата а да не е наведено што кажале. Работа на членовите на Советот е да дебатираат за точките и да гласаат по нив. Го поддржува предлогот во содржината на записниците да биде малку поописно и попрецизно наведено кој што кажал за точките по кои се водело дебата, а не се водела за многу.

Членот на Советот на Агенцијата, Лазар Трајчев, рече се согласува дека секој како член на Советот учествува во работата и потребно е неговото мислење, видување или причини зошто за одредена точка гласа или зошто размислува во одреден правец, да биде внесено во записник. Но од практичен аспект, рече дека од стенограм па до записник каде се наброени учесниците во дискусијата и каква одлука е донесена, многу тешко може да се утврди тој баланс што да се внесе во записник а што не, како што рече ова го кажува од искуство од некои ситуации. Тогаш, некоја суштинска работа која што му е важна на одреден член на Советот, кој ја кажал со повеќе зборови, во краткото пишување да не биде така прецизно напишано, и потоа ќе се развие нова дебата околу тоа како што рече, ова кажав, не кажав вака, не мислев вака. Предложи, доколку е можно, некој ако сака нешто посебно да биде запишано во Записникот, да го нагласи дека треба да биде внесено во Записник. Или пак да се оди на формулација која што е подетална, за секоја дискусија да биде запишано прецизно и тоа е една друга крајност која може да доведе до ситуација многу пати заради јавноста да се изнесуваат ставови и мислења за работи кој што можат да ја отежнат работата на Советот на Агенцијата или да ја усложнат. Снимениот материјал на ЦД е составен дел на записникот, и секогаш може да биде земено како потврда или доказ. Рече дека се согласува со сето она што ќе го прифати Советот, со тоа што сака претходно да бидат дефинирани правилата на Записниците, за да се има унифициран начин на работење.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, едногласно со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.07.2014 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, побара од в.д. Директорот на АААВМУ, да го образложи Предлогот за запирање на постапката за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје.

В.д. Директорот на АААВМУ, образложи дека ТВ Шутел во законски предвидениот рок извршил целосна уплата на долгот од пресметаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност и предложи Советот да донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески,

Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го прифати Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.07-310 од 29.07.2014 година и донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, бр.07-188 од 28.05.2013 година, поради извршена целосна уплата на долгот во износ од 497.339,00 денари, од пресметаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да го подготви горенаведениот заклучок.

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот заклучок да го достави до Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, горенаведениот заклучок да го објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, побара од в.д. Директорот на АААВМУ, да ја образложи Информацијата во врска со распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма според уделите во вкупната гледаност во 2013 година.

В.д. Директорот на АААВМУ, објасни дека распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма (EPG) за MUX6 и MUX7, еднаш годишно го определува Агенцијата, според опфатот и податоците за уделот во гледаноста. Во распоредот, објасни дека прв ќе биде јавниот сервис, потоа комерцијалните сервиси на државно ниво, потоа сервисите на регионално ниво, определени според официјалните податоци за гледаноста содржани во Анализата на пазарот на радиодифузната дејност од претходната година.

Членот на Советот на Агенцијата, Зоран Фиданоски, постави прашање во врска со редоследот, односно дали предложениот редоследот ќе се задржи до крајот на тековната 2014 година па потоа ќе се измени за следната година? Второто прашање се однесуваше, како што рече на пример за спортски настан, дали може да се обратиме конкретно на односниот натпревар или кое и да е тоа ексклузивно право, на територијата на Република Македонија да се пренесува на официјалниот јазик што се зборува или на јазикот кој го зборуваат 20% од населението. На пример, рече, како што беше случајот за шпанското првенство, на македонски јазик го пренесуваше ТВ Алфа а на албански јазик ТВ Алсат – М. Дали тука може да се направи нешто да тие права на поинаков начин би се рестрибуирале.

В.д. Директорот на АААВМУ објасни дека согласно членот 11 од Планот за намена и распределба на преносните капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, Советот на Агенцијата во зависност од гледаноста, по изработка на Анализата на пазарот на радиодифузната дејност од претходната година, доставува допис до операторот на јавна комуникациска мрежа ОНЕ Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, за распоредот на сервисите. Минатата година согласно гледаноста беше еден распоред и сега разликата е во однос на гледаноста помеѓу ТВ Алфа и ТВ Телма, така да секоја година во зависност од Анализата се предлага и распоредот.

Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата, д-р Милаим Фетаи, запраша колкав процент потпаѓа по уделот на гледаност на јавниот сервис и комерцијалните радиодифузери. Запраша дали има податоци кои странски канали

најчесто се гледаат. Кај албанската популација најгледани се рече, Top Channel, Vizion Plus, и запраша на пример колку ТВ Косово е гледана. Д-р Милаим Фетаи, во однос на рекламите кои доаѓаат од странските програмски сервиси, рече дека тоа претставува многу чувствителна работа за телевизиите, бидејќи им одземаат дел од нивната финансиска моќ. Запраша колку Агенцијата како регулатор може да придонесе за заштита на нашиот пазар. Доколку со нашиот Закон е забрането рекламирање на лекови и алкохол, а друга држава е полиберална и може тоа да го рекламира, рече, со реемитувањето на странските канали автоматски тие реклами влегуваат и кај нас.

В.д. Директорот на АААВМУ, во однос на процентот на гледаноста, објасни дека 51% потпаѓа на комерцијалните радиодифузери а 9% на јавниот сервис значи вкупно 60%. Околу 32% потпаѓа на странските канали и под 10 % потпаѓа на локалните и регионалните. Во однос на истражувањето на гледаноста на странски канали, објасни дека истражувачката агенција Ниелсен Аудиенце Меасуремент не прави поединечно истражување за странските канали туку групно. Македонски Телеком рече, врши анализа на гледаните канали, има таков систем да имаат повратен сигнал, но тоа се однесува само за нивните корисници, не за сите гледачи. Најгледан пакет според нив е Tring од страна на албанската популација.

По предлог на Претседателот на Советот на Агенцијата, Лазо Петрушевски, Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го задолжи в. д. Директорот на Агенцијата, во наредниот период од 3 месеци, да подготви анализа на рекламирањето во реемитуваните странски програмски сервиси наменети за публиката во Република Македонија.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој во соработка со Секторот за технологии и информатика, да го реализираат заклучокот.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, ја усвои Информацијата во врска со распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма според уделите во вкупната гледаност во 2013 година од в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-3993/2 од 30.07.2014 година.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој, да подготви допис со кој Агенцијата ќе го извести операторот на јавна комуникациска мрежа ОНЕ Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, на кој му се доделени двата мултиплекси (MUX6 и MUX7) за емитување на програмските сервиси на телевизиските станици, дека после трите програмски сервиси на Македонската радиотелевизија (МРТ1, МРТ2 и Собраниски канал), распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма (EPG) треба да биде по следниот редослед:

1. ТВ Сител
2. ТВ Канал 5
3. ТВ Алсат-М
4. ТВ Алфа
5. ТВ Телма

- по нив треба да бидат сервисите на регионално ниво, распоредени според азбучен редослед.

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот допис да го достави до наведениот оператор на јавна комуникациска мрежа.

**Точка 4**

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, побара од в.д. Директорот на АААВМУ, да го образложи Предлогот за склучување Договор за закуп на деловен простор со Друштвото за трговија и услуги Агромеханика АД увоз-извоз Скопје.

В.д. Директорот на АААВМУ објасни дека Нацрт-Договорот што го усвои Советот на Агенцијата, беше испратен на сопственикот на просторот на Агромеханика и истиот е доставен до нотарот Сашо Клисаровски за да се изјасни дали е во согласност со Законот, пред да се завери договорот. Забелешка беше од нотарот, дека доколку просторот на Агромеханика е ставен под хипотека, тоа мора да биде наведено и во договорот. Официјален допис е добиен од Агромеханика дека просторот е под хипотека и барање беше на нотарот да стои во договорот дека: „Во случај на настапување на присилното извршување на хипотеката, закуподавецот е должен на закупецот да му обезбеди соодветен деловен простор кој закупецот под исти услови ќе го користи до истекот на рокот на важење определен во Договорот. “

Претседателот на Советот на Агенцијата, Лазо Петрушевски, рече дека една од важните работи во врска со договорот е тоа што в. д. Директорот успеал да ја намали сумата за месечната кирија.

Членот на Советот на Агенцијата, Зоран Фиданоски постави две прашања. Дали Агенцијата го знаела фактот дека просторот што го користи Агенцијата е ставен под хипотека, така да доколку не сме знаеле, Агромеханика не довела во заблуда како институција и второ кој е тој простор што закуподавецот е должен да ни го понуди во случај да се активира хипотеката или тие се уште го немаат определено.

В.д. Директорот на АААВМ, во однос на првото прашање рече дека до претходната недела лично не бил запознаен дека просторот кој го користи Агенцијата е ставен под хипотека. Во однос на второто прашање, се надева дека нема да се активира хипотеката, но не може однапред да се знае кој ќе биде тој простор и не е можно Агромеханика да закупи нов простор како резерва за Агенцијата.

Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата, д-р Милаим Фетаи, рече бидејќи е по функција доживотно Заменик претседател, и како што поминува времето се помалку има информации што се случува. Во минатото бил информиран за договорот, но претходниот претседател на Советот сам ги менаџирал тие работи како и сегашниот со право, така да нема информации. Рече дека е добара намерата со договорот и во поглед на цена и во поглед на просторот.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-3980/1 од 29.07.2014 година и го одобри текстот на Предлог-Договорот за закуп на деловен простор со Друштвото за трговија и услуги Агромеханика АД увоз-извоз Скопје.

**Точка 5**

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, побара од в.д. Директорот на АААВМУ, да го образложи Предлогот за склучување Анекс кон Договорот за послуга со Национална установа Кинотека на Република Македонија.

В.д. Директорот на АААВМУ, наведе дека следствено на потребата за продолжување на важноста на цитираниот Договор за послуга за 2 (две) години, подготвен е Анекс бр.1 кон Договорот, согласно кој неговата важност се утврдува заклучно со 23.08.2016 година. Покрај измени во делот на времетраењето на важноста, извршени се измени и во називот, наместо Совет за радиодифузија на Република Македонија, извршена е соодветна замена со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кое е во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го прифати Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-3981/1 од 29.07.2014 година и го одобри текстот на Предлог - Анексот број 1 кон Договорот за послуга бр.03-4374/1 од 23.08.2012 година и бр.11-1410/1 од 23.08.2012 година, помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Националната установа Кинотека на Република Македонија.

**Точка 6**

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, побара од в.д. Директорот на АААВМУ, да го образложи Предлогот за давање одобрение за донесување на Одлука за отпис на долгот на Трговското радиодифузно друштво „ПЕРСПЕКТИВА ТВ“ ДООЕЛ Скопје, од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со предлог-одлука.

В.д. Директорот на АААВМУ, објасни дека на барање на членот на Советот на Агенцијата, Лазар Трајчев, Агенцијата во врска со горенаведеното, побара мислење од Трговец – поединец за ревизија, проценка и судско вештачење ТП “РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА„ Соња Митко Чулева, Скопје, од каде беше доставено мислењето дека:

1.„Побарувањето од трговско друштво што е бришано од евиденција на трговски друштва од Централниот регистар на Република Македонија (ЦРМ) мора да се отпише.

2. Во финансиските извештаи неможе да се направи резервација за ова побарување, иако и самата резервација значи трошок во билансот на успех, од проста причина што ова побарување неможе да се реализира од друштво што е еднаш ликвидирано, без оглед на тоа што можеби ќе биде формирана нова фирма. Имено оваа нова фирма не е правен следбеник на ликвидираното друштво согласно регулативата на Република Македонија“.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го прифати Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-3983/2 од 30.07.2014 година и даде одобрение на в.д. Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која од сметководствената евиденција на Агенцијата

за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се отпише долгот на Трговското радиодифузно друштво „ПЕРСПЕКТИВА ТВ“ ДООЕЛ Скопје, во износ од 3.630.780,00 денари (по фактура бр.122/2010 од 11.06.2010 година – износ од 1.821.661,00 денари и по фактура бр.120/2011 од 14.06.2011 година – износ од 1.809.119,00 денари).

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за економско-финансиски работи, отписот од горенаведеното побарување да го изврши заклучно со периодот до 31.12.2014 година.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви горенаведената одлука.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го задолжи Секторот за правни работи до Извршител, Христо Јованов да испрати допис, со цел да се запре поднесеното Барање за спроведување на извршување заверено со И.бр.1895/12 од 18.07.2012 година (наш бр.03-3949/1 од 18.07.2012 година).

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот допис да го достави до Извршител, Христо Јованов.

**Точка 7**

По барање на Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, в.д. Директорот на АААВМУ го образложи Предлогот за давање одобрение за донесување на Одлука за отпис на долгот на Трговското радиодифузно друштво „МОНАКО – РАДИО СИТИ ФМ“ ДООЕЛ Куманово, од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со предлог-одлука.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-3999/1 од 30.07.2014 година, и даде одобрение на в.д. Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која по правосилноста на Решението Ст. бр. 127/14 од 27.06.2014 година, од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се отпише долгот односно неплатеното побарување на Трговското радиодифузно друштво „МОНАКО – РАДИО СИТИ ФМ“ ДООЕЛ Куманово, во износ од 3.471,00 денари, по фактура бр.001/2013 од 09.01.2013 година.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за економско-финансиски работи, отписот на наведеното побарување да го изврши по правосилноста на Решението Ст. бр. 127/14 од 27.06.2014 година, а заклучно со периодот до 31.12.2014 година.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви горенаведената одлука.

**Точка 8**

По барање на Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, в.д. Директорот на АААВМУ го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна

набавка за предметот на набавка: Истражувања на родовите прашања во програмите на радиодифузерите и објасни дека тоа претставува законска обврска а средствата се обезбедени со финансискиот план на Агенцијата за 2014 година.

Членот на Советот на Агенцијата, Лазар Трајчев, постави прашање дали Советот на Агенцијата ќе гласа и за техничката спецификација за предметот на набавка: Истражувања на родовите прашања во програмите на радиодифузерите.

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, објасни дека наведената техничка спецификација е доставена во материјалите за да се има на увид, додека Советот со гласањето само дава одобрување на в.д. Директорот да започне со постапката.

Членот на Советот на Агенцијата, Зоран Фиданоски, запраша во каква форма ќе се добие наведеното истражување.

В. д. Директорот на АААВМУ, објасни дека истражувањето ќе биде доставено или во печатена или во електронска форма. Објасни дека по доставувањето, Агенцијата прави јавна презентација во координација со Министерството за труд и социјална политика. Информира дека претходните две истражувања се наоѓаат на веб страната на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-3968/2 од 29.07.2014 година и даде одобрение за спроведување на постапката за јавна набавка за стоката: Истражувања на родовите прашања во програмите на радиодифузерите.

В.д. Директорот на Агенцијата, согласно горенаведеното, да донесе Одлука за спроведување на постапката за јавна набавка за стоката: Истражувања на родовите прашања во програмите на радиодифузерите.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да го реализира заклучокот и да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 9**

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, побара од в.д. Директорот на АААВМУ, да го објасни Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за предметот на набавка – Услуга за фиксна телефонија, со предлог-Одлука за потреба од јавна набавка

В.д. Директорот на АААВМУ, објасни дека согласно препораките од Советот за јавни набавки, во тендерската документација ставен е критериум за избор на најповолна понуда и доделување на договор за јавна набавка - Најниска цена.

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, објасни дека по донесувањето на одлуката за потреба од јавна набавка, од страна на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а пред објавувањето на огласот за јавна набавка на Електронскиот систем за јавни набавки, до Советот за јавни набавки, ќе биде доставено Барање за добивање согласност, како што е утврдено во Законот за јавните набавки.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски,

Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-3962/2 од 29.07.2014 година и даде одобрение за спроведување на постапката за јавна набавка за предметот на набавка – Услуга за фиксна телефонија.

В.д. Директорот на Агенцијата, согласно горенаведеното, да донесе Одлука за спроведување на постапката за јавна набавка за предметот на набавка – Услуга за фиксна телефонија.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да го реализира заклучокот и да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 10**

Разно.

- По барање од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, в.д. Директорот на АААВМУ, го образложи Известувањето за изменување на Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-3823/1 од 17.07.2014 година, за јавната набавка на услугата: Печатарски услуги (со фотокопирање), со предлог-одлука за изменување

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-3823/3 од 31.07.2014 година и даде одобрување за изменување на Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-3823/1 од 17.07.2014 година, за јавната набавка на услугата: Печатарски услуги (со фотокопирање), врз основа на поднесено Известување, бр.03-3997/1 од 30.07.2014 година.

Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-3823/1 од 17.07.2014 година, во точка 6, алинеја 2 се менува, и тоа:

- зборовите „Рубин Талески - член, со заменик Виктор Шиков, се менуваат со зборовите:

„ - Сашо Богдановски - член, со заменик  Шќипе Тахири”.

Горенаведените измени на Одлуката соодветно се вршат и во образложението на Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-3823/1 од 17.07.2014 година.

Во останатите одредби, Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-3823/1 од 17.07.2014 година, останува неизменета.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви Одлуката за изменување на Одлуката за потреба од јавна набавка бр.02-3823/1 од 17.07.2014 година.

- По барање од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, в.д. Директорот на АААВМУ, го образложи Предлог за запирање на постапката за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.07-312 од 31.07.2014 година, и донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, бр.07-3470/1 од 26.11.2008 година, поради извршена целосна уплата на долгот во износ од 2.176.147,00 денари, од пресметаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да го подготви горенаведениот заклучок.

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот заклучок да го достави до Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, горенаведениот заклучок да го објави на веб страната на Агенцијата.

- По барање на Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, в.д. Директорот на АААВМУ, го образложи Предлогот за запирање на постапката за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.07-311 од 31.07.2014 година, и донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје, бр.07-211 од 28.05.2013 година, поради извршена целосна уплата на долгот во износ од 197.339,00 денари, од пресметаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да го подготви горенаведениот заклучок.

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот заклучок да го достави до Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, горенаведениот заклучок да го објави на веб страната на Агенцијата.

- По барање од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, в.д. Директорот на АААВМУ, го образложи Предлогот за запирање на постапката за одземање на дозволата за

вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 (седум) гласа „за“, од Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Лазо Петрушевски, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Милаим Фетаи и од членовите на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски, го усвои Предлогот на в. д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.07-308 од 31.07.2014 година и донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.07-204 од 28.05.2013 година, поради извршена доплата на долгот во износ од 165.770,00 денари, од пресметаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за правни работи да го подготви горенаведениот заклучок.

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот заклучок да го достави до Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, горенаведениот заклучок да го објави на веб страната на Агенцијата.

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Огнен Неделковски
Одобрил: д-р Андриана Скерлев – Чакар

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр. 02-3990/15**
**21.08.2014 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**